**Известување за концентрација со која ДАКР Холдингс Лимитед, Кипар ќе стекне контрола над Дентотал Протект С.р.л., Романија**

**(предмет бр. 08-67/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 23.07.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која ДАКР Холдингс Лимитед (DAKRHoldingsLimited), со регистрирано седиште на 2 Продромоу и Димитракопоулоу, 5ти спрат, 1090 Никозија, Република Кипар , ќе стекне контрола над Дентотал Протект С.р.л. (Dentotal Protect S.r.l.), со регистрирано седиште на Булевар Мирча Вода 24, прв кат, Букурешт, дистрикт 3, Романија.

Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

**ДАКР Холдингс Лимитед** е холдинг друштво кое припаѓа на Абрис Групата. Абрис Групата е составена од приватни инвестициски фондови (*equityfunds*) и портфолио друштва активни во разни сектори. Абрис Групата е присутна на пазарот во Република Северна Македонија директно (преку друштвото ГРИНТЕХ МК ДОО Скопје, со регистрирано седиште на улица „852“ бр.62, Гази Баба, Скопје и регистрирана приоритетна дејност обновување на посебно издвоени материјали) и индиректно (преку продажби во Република Северна Македонија од страна на нејзини друштва со седишта надвор од државата).

**Дентотал Протект С.р.л.** е друштво со ограничена одговорност чија главна деловна цел се состои од „Трговија на големо со фармацевтски производи“. Дентотал Протект С.р.л. е главно активно на пазарот за дистрибуција на стоматолошки потрошен материјал и опрема.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

12.08.2019 година
Скопје